**20130531211**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 28 став (6) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11 и 1/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПШТИ И ПОСЕБНИ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ

Член 1

Во Правилникот за општи и посебни барања за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/12), Прилогот 12 се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11 - 867/3
4 март 2013 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

Прилог

## Токсини и токсигени габички

| Микотоксини (Mixotoksini) | Производи наменети за исхрана на животни | Вредности во mg/kg (ppm) во однос на храната за животни со влага во содржина од 12% |
|---|---|---|
| Афлатоксин (Aflatoxin) | – Храна за животни кои не се наменети за исхрана на луѓе и од кои не се добиваат производи за исхрана на луѓе | 0,05 |
| Деоксинivaленол (Deoxynivalenol) | Сировини на храна за животни (*) | |
| | – Жита и производи од жита (**) со исклучок на нус-производи од пченка | 8 |
| | – Нус-производи од пченка | 12 |
| | Дополнителна и комплетна храна за животни со исклучок на: | 5 |
| | – Дополнителна и комплетна храна за животни за свињи | 0,9 |
| | – Дополнителна и комплетна храна за животни за телиња (< 4 месеци), јагниња и јариња | 2 |
| Зеаралеон (Zearalenone) | Сировини на храна за животни (*) | |
| | – Жита и производи од жита (**) со исклучок на нус производи од пченка | 2 |
| | – Нус-производи од пченка | 3 |
| | Дополнителна и комплетна храна за животни | |
| | – Дополнителна и комплетна храна за животни за прасиња и женски прасиња (млади маторици) | 0,1 |
| | – Дополнителна и комплетна храна за животни за маторици и свињи за тов | 0,25 |
| | – Дополнителна и комплетна храна за животни за телиња, млечни говеда, овци (вклучувајќи јагне) и кози (вклучувајќи јариња) | 0,5 |
| Охратоксин А (Ochratoxin A) | Сировини на храна за животни (*) | |
| | – Жита и производи од жита (**) | 0,25 |
| | Дополнителна и комплетна храна за животни | |
| | – Дополнителна и комплетна храна за животни за свињи | 0,05 |
| | – Дополнителна и комплетна храна за животни за живина | 0,1 |
| Фумонисин B1 + B2 (Fumonisin B1 + B2) | Сировини на храна за животни (*) | |
| | – пченка и производи од пченка (***) | 60 |
| | Дополнителна и комплетна храна за животни: | |
| | – свињи, коњи (*Еквиди*), зајци и домашни миленици | 5 |
| | – риби | 10 |
| | – живина, теле (< 4 месеци), јагниња и јариња | 20 |
| | – возрасни преживари (> 4 месеци) и визон | 50 |

(*) Посебно внимание треба да се посвети на житата и производите од жита со кои се користат за директна исхрана на животнитебидејќи нивната употреба во дневните порции не смее да доведе животните да се изложени на повисоко ниво од овие микотоксини од соодветните нивоа на изложеност, каде само целата храна за животни се користи во дневните порции.

(**) Терминот жита и производи од жита вклучува не само крмни смески наведени под наслов 1 'Житни зрна, нивни производи и нус-производи' од не ексклузивната-листа на главни крмни смески наведени во делот Б од Анексот на Директивата на Советот 96/25/ЕК на 29 Април 1996 на прометот и употребата на храната за животни (OJ L 125, 23.5.1996, p. 35) но исто така и други крмни смеси добиени од жита особено храна за

(***) животни добиена од житни растенија и сирова храна за животни.

(***)Терминот 'Пченка и производи од пченка' вклучува не само крмни смески добиени од пченка наведени под наслов 1'Житни зрна, нивни производи и нус-производи од не ексклузивната- лист на главната крмна смеска наведени во Аннекс, дел Б од Директивата 96/25/ЕК но исто така и други крмни смески добиени од пченка особено храна за животни добиена од пченка и сирова храна за животни.